**<u>СТОПАНСКА БАНКА а.д. БИТОЛА</u>**

# ОДЛУКА

**за**

**определување на месечна награда и награда за успешно завршена година на членовите на Надзорен одбор на Стопанска банка а.д. Битола**

**март, 2015 година**

Врз основа на член 365 од Законот за трговски друштва, член 45 од Статутот на Стопанска банка а.д. Битола НО бр.02-469/I-2 од 21.01.2015 година (пречистен текст), Собранието на акционери на Стопанска банка а.д. Битола на својата XXXVI-та седница одржана на ден 25.03.2015 година, донесе:

# О Д Л У К А

## за определување на месечна награда и награда за успешно завршена година на членовите на Надзорен одбор на Стопанска банка а.д. Битола

**Член 1**

Се определува месечна награда на членовите на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола во износи од:

-60.000,00 (со букви:шеесетилјадиденари) нето износ и јавни давачки согласно Закон за Претседателот на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола и

-50.000,00 (со букви:педесетилјадиденари) нето износ и јавни давачки согласно Закон за другите членови на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола.

**Член 2**

На членовите на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола им следува награда за успешно завршена година. Наградата за членовите на Надзорниот одбор се утврдува:

- за Претседателот на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола во висина од 30% од бонусот на Претседателот на Управен одбор на Стопанска банка а.д. Битола и

- за другите членови на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола во висина од 20% од бонусот на Претседателот на Управен одбор на Стопанска банка а.д. Битола.

**Член 3**

На членовите на Надзорниот одбор на Стопанска банка а.д. Битола што живеат надвор од седиштето на Банката, ќе се исплатува надомест во висина на трошоци за патување и сестување, по претходно приложени фактури или друга соодветна документација.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а членот 2 ќе се применува со усвојувањето на годишната сметка за 2015 година и понатаму.

**СО бр.** 02-2383/II-13
**25.03.2015 година**

**Собрание на Стопанска банка а.д Битола**
**Претседавач**

СТОПАНСКА БАНКА а.д. БИТОЛА